Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Сто педесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 2 мај 2023 година**

**Скопје, мај 2023 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто педесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 2 мај 2023 година**

Седницата започна во 13:10 часот.

На седницата претседаваше Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции.

На седницата присуствуваа д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците и членовите на Владата Славјанка Петровска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Кренар Лога, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, д-р Фатмир Меџити, министер за здравство, Ристо Пенов, министер за локална самоуправа, д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и Каја Шукова, министер за животна средина и просторно планирање, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи, д-р Вјолца Бериша, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за образование и наука, м-р Енвер Хусејин, заменик на министерот за труд и социјална политика и Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација.

На седницата присуствуваше и м-р Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Кирил Петровски, помошник на нотарот Анита Петровска.

Од седницата отсуствуваа д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања и членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика и д-р Азир Алиу, министер за информатичко општество и администрација.

*

*  *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

- Усвојување на записниците од 140-та и 146-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржани на 29 март 2023 година и 11 април 2023 година

1. Предлог- одлуки за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности ТИРЗ Скопје 1 (У бр.98/20)

2. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (У 03-97/1 Спортски аеродром Куманово, КО Режановце)

3. Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижна ствар на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност

4. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување отпад

5. Извештај за спроведените одлуки за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижностите кои се во сопственост на Република Северна Македонија

6. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Агенцијата за цивилно воздухопловство

7. Информација за Предлог-договор за доделување на државна помош на Акционерското друштво за производство на сопирачка опрема Вабтек МЗТ АД Скопје, со текст на Предлог-договор

8. Информација за барање согласност од Владата за Одлуката за изменување на Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за проектирање, финансирање, изградба, управување и одржување на технолошко-индустриска развојна зона Гевгелија бр. 02-681/4 донесена на седница на Управниот одбор на Дирекција за технолошки индустриски развојни зони на 10 април 2023 година, со Предлог-одлука

9. Предлог-одлука за престанување на важење на Одлуката за давање согласност за размена на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија со градежно земјиште во сопственост на физичко лице за изградба на објект од јавен интерес од локално значење и Предлог-одлука за давање на согласност за размена на градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија со градежно земјиште во сопственост на физичко лице за изградба на објект од јавен интерес од локално значење

10. Предлог-одлука за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (КП бр.256 и КП бр.21/10, КО Бистренци, Општина Демир Капија)

11. Предлог-одлука за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (КП 21/2, КП 21/11, КП 21/12, КП 230/2, КП 230/9, КП 230/10 и КП 1208/1, КО Бистренци, Општина Демир Капија)

12. Предлог-одлука за отуѓување градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (КП бр.1100/9 и КП бр.1113/2, КО Демир Капија)

13. Предлог-одлука за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија

14. Предлог-програма за поддршка на развојот на земјоделските задруги за 2023 година

15. Информација за статус на поведената арбитражна постапка, како и предавање на градилиште на крајниот корисник за Договорот за градежни работи „Подобрување на инфраструктурата за собирање на отпадни води во Град Скопје“

16. Информација за склучување на Анекс кон Договор за подзаем за реализација на проектот „Гасификација на Република Македонија-фаза 1-делница Штип-Неготино-Битола и делница Скопје-Тетово-Гостивар“

17. Информација во врска со статусот на реализација на договорите за концесија за малите хидроелектрани на локациите бр.123 Крива Река и бр.408 Коселска Река

18. Предлог-одлука за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина-кварц на локалитетот „Остреж“, Општина Штип

19. Информација за статус на локализација на спортските прекугранични канали со осврт на работата и предлозите на Комисијата за следење на имплементацијата на препораките на Владата на Република Северна Македонија за јазично покривање на официјален јазик на радиодифузерите кои реемитуваат спортски програмски содржини на територијата на Република Северна Македонија

20. Информација за отпочнување со активности поврзани со усогласување со Регулативата на Европската Унија за воспоставување на скрининг механизам на странски инвестиции

21. Информација за констатирани проблеми во однос на навремено проследување на информации од страна на органите на државната управа и други субјекти кои се јавуваат како организатори на настани, кои се однесуваат на извршувањето на работните задачи за обезбедување, согласно Уредбата за личностите и објектите што се обезбедуваат, видовите на мерки и активности и степените за обезбедување од страна на Министерството за внатрешни работи

22. Информација во врска со потребата Законот за следење на комуникациите и Законот за Агенција за национална безбедност од надлежност на Министерството за внатрешни работи да преминат во надлежност на Министерството за правда

23. Информација за учеството на Република Северна Македонија во Заедничката надворешна и безбедносна политика на Европската Унија во периодот 1 јули-31 декември 2022 година

24. Предлог-одлука за престанок и за давање на времено користење на недвижна ствар на Јавната установа Завод за рехабилитација на деца и младинци-Скопје

25. Информација за постапување по обраќањата и препораките на Народниот правобранител на Република Северна Македонија упатени до Владата на Република Северна Македонија,

органите на државната управа и други органи и организации што имаат јавни овластувања, во периодот октомври-декември 2022 година

26. Предлог-програма „Здравје за сите“ за 2023 година

27. Информација за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Граѓанско право“ на Правен факултет, при Државниот универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, со Предлог-решение

28. Информација за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС) по „Економски науки“ на Економски факултет при Државниот универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, со Предлог-решение

29. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кривогаштани (мебел за потребите на ООУ „Манчу Матак“ с.Кривогаштани, Кривогаштани)

30. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кратово (за потребите на ООУ „Кочо Рацин“, Кратово)

31. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Конче (за потребите на ООУ „Гоце Делчев“, Конче)

32. Предлог-одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Крива Паланка (2) (мебел)

33. Предлог-одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кисела Вода (8) (мебел)

34. Предлог-одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кавадарци (5) (мебел)

35. Предлог-одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кочани (5) (мебел)

36. Предлог-одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Охрид (7) (таблети)

37. Предлог-одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Прилеп (10) (таблети)

38. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Здравствен дом Неготино-Неготино

39. Барање за давање на автентично толкување на член 98 став (5) алинеја 3 од Закон за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), поднесено од градоначалникот на Општина Битола, Тони Коњановски

40. Барање за давање на автентично толкување на член 40 став 2 од Законот за процена („Службен весник на Република Македонија“ бр.115/10, 158/11, 185/11, 64/12 188/14, 104/15, 153/15, 192/15 и 30/16), поднесено од пратеникот Боби Мојсоски

41. Иницијатива од Владо Мицковски од Кичево, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.33/2023 за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 46 став (5) од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија“ бр.76/16, 142/16, 233/18 и 14/20) и член 4 став (3) од Тарифата за награда и надоместок на другите трошоци за работењето на извршителите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/19)

42. Иницијатива од адвокат Мефаиљ Арслани од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.27/2023 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 112 од Законот за Академија за судии и јавни обвинители („Службен весник на Република Македонија“ бр.20/15, 192/15, 231/15 и 163/18)

43. Иницијатива од Славко Лазовски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.24/2023 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 18 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16, 132/16, 35/18, 220/18 и 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 180/19, 275/19, 31/20, 267/20 и 67/22)

44. Посебен извештај за попречување на работата до непосредно повисокиот орган

45. Понуда од нотар Мартин Божиновски од Куманово, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.77623, за КО Куманово, на КП број 6246/3, викано место/улица „ул.221“

46. Понуда од нотар Јасмина Радончиќ од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 58143, за КО Кисела Вода 1, на КП бр. 1234, викано место/улица „Иван Козаров“

47. Понуда од нотар Снежана Сарџовска од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.53535 за КО Визбегово на КП бр.1311, викано место/улица „Долни Рид“

48. Понуда од нотар Зафир Хаџи-Зафиров од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 6067 за КО Радишани на КП бр. 3174, викано место/улица „П.Јанчевски бб“

49. Понуда од нотар Даниел Живачки од Куманово за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.11204 за КО Љубодраг, на КП бр.438, викано место/улица „Старо Джаде“

50. Понуда од нотар Цеца Малева-Стоев од Гевгелија, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.2174 за КО Негорци, на КП бр.3521, викано место/улица „Село“

51. Известување од извршител Гордана Џутеска од Охрид, доставено под И.бр.62/2021, за Налог за извршување врз недвижен имот запишан во Имотен лист бр.60582 и Имотен лист бр.60578, за КО Охрид 3

52. Известување од извршител Снежана Андреевска од Скопје, за Заклучок за втора усна јавна продажба, која ќе се одржи на 3 мај 2023 година, под И.бр.792/22

53. Заклучок за усна јавна продажба (врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување) од извршител Андреја Буневски од Скопје, доставен под И.бр.3321/2020, врз основа на кои се нуди право на првенствено купување на недвижен имот-земјиште кое се наоѓа на КП бр.829 дел 1 и КП бр.830, КО Крушопек, евидентирано во Имотен лист бр.368

54. Известувањето од извршител Снежана Андреевска од Скопје, со Налог за извршување врз недвижен имот, со пропратни материјали, Заклучок за усна јавна продажба, која ќе се одржи на 3 мај 2023 година и Записник од 5 април 2023 година, за продажба на недвижен имот со усно јавно наддавање, доставени под И.бр. 159/22

55. Кадровски прашања

56. Прашања и предлози

57. Информација за завршување на втората (2019-2022) и почеток на третата фаза (2023-2026) од Заедничката програма на Европската Унија и Совет на Европа-Хоризонтален инструмент за Западен Балкан и Турција

58. Информација за тековниот статус на годишни активности на Агенцијата за квалитет и акредитација на здравствените установи, тековен статус на процесот на акредитација на здравствените установи во Република Северна Македонија за 2022 година

59. Годишен извештај на Државниот управен инспекторат за спроведени инспекциски надзори над спроведување на одредбите од Законот за административни службеници, како и на прописите донесени врз основа на Законот во 2022 година

60. Годишна сметка за 2022 година на Јавната установа Центар за образование на возрасните-Скопје

61. Годишна програма за работа на Центарот за стручно образование и обука за 2023 година, со Финансиски план

62. Извештај за начинот на искористување на средствата одобрени со Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година (бр.40-13703/4 од 30 декември 2021 година) на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменската сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ Скопје, со дополнување

63. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за земјоделското земјиште

64. Информација за финансирање на Годишната програма за заштита на природата за 2023 година на Јавната установа Национален парк Шар Планина

65. Информација за платите на директорите во установите од областа на културата со Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на коефициенти и вредноста на коефициентот за пресметување на платите на директорите во националните установи од областа на културата

66. Информација за давање на овластување на министерот за здравство за потпишување на Анекс за изменување и дополнување на Колективниот договор за здравствената дејност на Република Македонија и на директорите односно вршителите на должноста директори на

јавните здравствени установи за потпишување на анекси за изменување и дополнување на поединечните колективни договори

67. Предлог-одлука за утврдување на статус на стратешки инвестиционен проект (Друштво за трговија и услуги АИМ ГРЕЕН ТЕЦХ ДООЕЛ Скопје)

68. Информација за преземените активности поврзани со Стратешкиот дијалог меѓу Република Северна Македонија и Соединетите Американски Држави

69. Информација со Програма за одбележување на 5 Мај-Денот на македонскиот јазик во 2023 година

70. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „DEFENDER EUROPE 23/IMMEDIATE RESPONSE 23“ во Сојузна Република Германија, Република Словенија, Република Хрватска и Република Албанија

71. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот државните награди

72. Предлог на закон за употреба на македонскиот јазик

73. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „SIRA EX“ во Сојузна Република Германија

74. Информација за влошената финансиска состојба на  Акционерското друштво за поштенски сообраќај  „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост-Скопје и барање помош за излез од истата, со Предлог-одлука

*

*     *

Владата без забелешки ги усвои Записникот од 140-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 29 март 2023 година и Записникот од 146-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 11 април 2023 година.

*

*     *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ги одложи од разгледување предлог-одлуките за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности ТИРЗ Скопје 1 (У бр.98/20), поради потребата предлагачот да постапи по укажувањата изнесени во Мислењето на Министерството за транспорт и врски и да приложи соодветен доказ предвиден согласно материјалните одредби од член 65 став (5) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19 и 275/19), односно

известување дека за недвижните ствари кои се предмет на запишување не се води постапка за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за политички систем.

**Точка 2**

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (У 03-97/1 Спортски аеродром Куманово, КО Режановце).

**Точка 3**

Владата ја донесе Одлуката за давање на трајно користење на недвижна ствар на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност.

**Точка 4**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување отпад (Универзитет „Св. Кирил и Методиј“-Скопје).

**Точка 5**

Владата го разгледа Извештајот за спроведените одлуки за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижностите кои се во сопственост на Република Северна Македонија и го усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Агенцијата за катастар на недвижности на Република Северна Македонија да изготви Геодетски елаборати во врска со следните донесени Одлуки од Владата на Република Северна Македонија: по Одлуката бр.45-10687/6-19 од 4.2.2020 година за Спортско-рекреативниот центар „Сарај“, КО Сарај; по Одлуката бр.45-10687/9-19 од 4.2.2020 година за Ракометното игралиште „Алумина“, КО Карпош; по Одлуката бр.45-10687/10-19 од 4.2.2020 година за Фудбалскиот клуб „23“, КП бр.593/1, КО Карпош; по Одлуката бр.45-10687/11-19 од 4.2.2020 година за Отворениот базен „Кале“, КО Старо Скопје; по Одлуката бр.45-10687/12-19 од 4.2.2020 година за Стрелиштето „Камник“-Скопје, КО Старо Скопје; по Одлуката бр.45-10687/13-19 од 4.2.2020 година за Игралиштето за мали спортови-Карпош, КО Карпош; по Одлуката бр.44-960/2 од 3.3.2020 година за Фудбалското игралиште Пробиштип, КП бр.1002/8, КО Пробиштип; по Одлуката бр.44-960/8 од 3.3.2020 година за Спортската сала „Младост“-Битола, КП бр.17575/1, КО Битола; по Одлуката бр.44-960/9 од 3.3.2020 година за Градскиот фудбалски стадион-Битола, КП бр.17579/2, КО Битола; по Одлуката бр.44-960/29 од 3.3.2020 година за Спортската сала меѓу два Дрима-Струга, КП бр.19/1, КО Струга.

2. Се препорачува на Општина Центар во рок од 30 дена да достави Потврда дали за недвижната ствар која е предмет на запишување е поднесено барање за легализација, односно дали се води или не се води постапка за утврдување на правен статус на бесправно изграден објект, во врска со Одлуката бр.45-10687/8-19 од 4.2.2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.27/20) за терените на Тениски клуб, КО Центар 1, донесена од Владата на Република Северна Македонија.

3. Се препорачува на Општина Ѓорче Петров во рок од 30 дена да достави потврди дали за недвижните ствари кои се предмет на запишување е поднесено барање за легализација односно дали се води или не се води постапка за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти, во врска со: Одлуката бр.45-10687/2-19 од 4.2.2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.59/20) за Фудбалскиот стадион „Македонија“, КО Ѓорче Петров 6 и Одлуката бр.45-10687/3-19 од 4.2.2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.59/20) за Спортската сала ДГС „Партизан“, КО Ѓорче Петров 6 и двете донесени од Владата на Република Северна Македонија.

4. Се препорачува на Општина Пробиштип во рок од 30 дена да достави Потврда дали за недвижната ствар која е предмет на запишување е поднесено барање за легализација, односно дали се води или не се води постапка за утврдување на правен статус на бесправно изграден објект, во врска со Одлуката бр.44-960/3 од 3.3.2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.59/20) за Ракометното игралиште Злетово, КП бр.472/1, КО Злетово, Општина Пробиштип, донесена од Владата на Република Северна Македонија.

5. Се препорачува на Општина Виница во рок од 30 дена да достави Потврда дали за недвижната ствар која е предмет на запишување е поднесено барање за легализација, односно дали се води или не се води постапка за утврдување на правен статус на бесправно изграден објект, во врска со Одлуката бр.44-960/6 од 3.3.2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.59/20) за Градскиот стадион-Виница, КП бр.8389, КО Виница, донесена од Владата на Република Северна Македонија.

6. Се препорачува на Општина Охрид во рок од 30 дена да достави потврди дали за недвижните ствари кои се предмет на запишување се поднесени барања за легализација односно дали се води или не се води постапка за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти, во врска со: Одлуката бр.44-960/14 од 3.3.2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.59/20) за СРЦ „Билјанини извори“, КО Охрид 4, Општина Охрид; Одлуката бр.44-960/15 од 3.3.2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.59/20) за Градскиот стадион, КП бр.14019, КО Охрид 3, Општина Охрид и Одлуката бр.44-960/18 од 3.3.2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.59/20) за Кампингот Охрид-„Партизан“, КП бр.14060, КО Охрид 3 и трите донесени од Владата на Република Северна Македонија.

7. Се препорачува на Општина Струга во рок од 30 дена да достави потврди дали за недвижните ствари кои се предмет на запишување се поднесени барања за легализација односно дали се води или не се води постапка за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти, во врска со: Одлуката бр.44-960/26 од 3.3.2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.59/20) за Фудбалскиот стадион Струга, КП бр.2655/1, КО Струга и Одлуката бр.44-960/27 од 3.3.2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.59/20) за Отвореното ракометно игралиште Струга, КП бр.2659/1, КО Струга и двете донесени од Владата на Република Северна Македонија.

8. Се задолжува Министерството за транспорт и врски во рок од 30 дена да достави Потврда дали за недвижните ствари кои се предмет на запишување е поднесено барање за легализација, односно дали се води или не се води постапка за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти, во врска со: Одлуката бр.45-10687/5-19 од 4.2.2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.27/20) за Ракометното игралиште „Арена“ во Градскиот парк, КО Карпош, донесена од Владата на Република Северна Македонија.

9. Се задолжува Државното правобранителство на Република Северна Македонија да спроведе постапки за запишување на правото на сопственост на недвижностите во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижностите, во врска со следните донесени Одлуки од Владата на Република Северна Македонија: по Одлуката бр.45-10687/14-19 од 4.2.2020 година за Фудбалското игралиште ФК „Локомотива“- Скопје, КП бр.597/1, КО Карпош; по Одлуката бр. 44-960/1 од 3.3.2020 година за Фудбалското игралиште Пробиштип, КП бр.759, КО Пробиштип; по Одлуката бр. 44-960/11 од 3.3.2020 година за Олимпискиот базен Битола, КП бр.17579/3, КО Битола; по Одлуката бр.44-960/17 од 3.3.2020 година за Отворениот пливачки базен, Отворените игралишта, КП бр.5605/1 и КП бр.5605/2 и двете на КО Охрид 4; по Одлуката бр.44-960/21 од 3.3.2020 година за СРЦ „26 Април“, КП бр.3820/4, КО Гевгелија; по Одлуката бр.44-960/24 од 3.3.2020 година за Игралиштето за мали спортови, КП бр.7215, КО Гостивар 2; по Одлуката бр.44-960/30 од 3.3.2020 година за Спортската сала ДТВ „Партизан“-Тетово, КП бр.13432, КО Тетово 3.

10. Се задолжува Државниот управен инспекторат, доколку наведените институции во рок од 30 дена не постапат по барањата на Јавното претпријатие за стопанисување со објекти за спорт во сопственост на Република Северна Македонија, да поведе постапка за непостапување.

11. Се задолжува Јавното претпријатие за стопанисување со објекти за спорт во сопственост на Република Северна Македонија да ги координира тековните активности за реализација на овие заклучоци, во континуитет.

**Точка 6**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Агенцијата за цивилно воздухопловство.

**Точка 7**

Владата ја разгледа Информацијата за Предлог-договор за доделување на државна помош на Акционерското друштво за производство на сопирачка опрема Вабтек МЗТ АД Скопје, со текст на Предлог- договор и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се укажува на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони во рок од десет дена до Владата да достави Предлог-договор за долготраен закуп на градежно земјиште за парцели во ТИРЗ Скопје 2.

2. Се укажува на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, по добивањето на решение за дозволено доделување на државна помош од Комисијата за заштита на конкуренцијата до Владата да достави Предлог-одлука за давање согласност на Договорот за доделување на државна помош на Акционерското друштво за производство на сопирачка опрема Вабтек МЗТ АД Скопје.

**Точка 8**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за барање согласност од Владата за Одлуката за изменување на Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за проектирање, финансирање, изградба, управување и одржување на Технолошко-индустриска развојна зона Гевгелија бр. 02-681/4 донесена на седница на Управниот одбор на Дирекција за технолошки индустриски развојни зони на 10 април 2023 година, со Предлог-одлука, поради потребата од дополнителни усогласувања.

Материјалот да се разгледа на наредната седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 9**

Владата ги донесе:

1.Одлуката за престанување на важење на Одлуката за давање согласност за размена на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија со градежно земјиште во сопственост на физичко лице за изградба на објект од јавен интерес од локално значење.

2.Одлуката за давање на согласност за размена на градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија со градежно земјиште во сопственост на физичко лице за изградба на објект од јавен интерес од локално значење.

**Точка 10**

Владата ја донесе Одлуката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (КП бр.256 и КП бр.21/10, КО Бистренци, Општина Демир Капија).

**Точка 11**

Владата ја донесе Одлуката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (КП 21/2, КП 21/11, КП 21/12, КП 230/2, КП 230/9, КП 230/10 и КП 1208/1, КО Бистренци, Општина Демир Капија).

**Точка 12**

Владата ја донесе Одлуката за отуѓување градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (КП бр.1100/9 и КП бр.1113/2, КО Демир Капија).

**Точка 13**

Владата ја донесе Одлуката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија.

**Точка 14**

Владата ја донесе Програмата за поддршка на развојот на земјоделските задруги за 2023 година.

**Точка 15**

Владата ја разгледа Информацијата за статус на поведената арбитражна постапка, како и предавање на градилиште на крајниот корисник за Договорот за градежни работи „Подобрување на инфраструктурата за собирање на отпадни води во Град Скопје“ и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да ги обезбеди потребните финансиски средства за избор на консултант, кој ќе работи на подготовка на

тендерската документација, нов изведувач, како и нов надзорен орган за финализирање на проектот за подобрување на инфраструктурата за собирање на отпадни води во Град Скопје.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање, во соработка со Град Скопје и ЈП Водовод и канализација-Скопје и активно учество на Министерството за финансии во најкраток можен рок да ја спроведе постапката за подготовка на нова тендерска документација за завршување на преостанатите градежни работи со цел финализирање на проектот за подобрување на инфраструктурата за собирање на отпадни води во Град Скопје (во кој ќе биде предвиден и периодот за контрола на гарантниот рок од изведувачот).

3. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање при подготовка на тендерската документација за довршување на градежните работи од проектот, да обезбеди усогласеност и доследност на обемот и условите на работа на новата тендерска документација со истите кои биле предвидени во иницијалната тендерска документација врз основа на која своевремено бил склучен сега веќе терминираниот договор за градежни работи.

4. Се задолжува Министерството за финансии, како претходен договорен орган, активно да учествува во проверката на ново подготвената тендерска документација и да укаже доколку некои делови отстапуваат и не се усогласени со претходната документација.

5. Се укажува на Град Скопје и ЈП Водовод и канализација-Скопје да го преземат во владение градилиштето и да ја преземат обврската околу негово чување и обезбедување се до издавање на пристап и владение на градилиштето на новоизбраниот изведувач и надзор, по спроведување на тендерска постапка за избор на изведувач и надзор за преостанатите градежни работи.

**Точка 16**

Владата ја разгледа Информацијата за склучување на Анекс кон Договор за подзаем за реализација на проектот „Гасификација на Република Македонија-фаза 1-делница Штип-Неготино-Битола и делница Скопје-Тетово-Гостивар“ и ја усвои со следните заклучоци:

1.Го прифати текстот на Анекс бр.2 кон Договорот за подзаем.

2. Ги определи д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и Бајрам Реџепи, извршен директор на НОМАГАС АД Скопје, да го потпишат истиот.

**Точка 17**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со статусот на реализација на договорите за концесија за малите хидроелектрани на локациите бр.123 Крива Река и бр.408 Коселска Река и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го одобри продолжувањето на рокот за започнување со комерцијална работа за локацијата бр.123 Крива Река на концесионерот ПЦЦ Нев хидро ДООЕЛ Скопје до 30.5.2023 година.

2. Се задолжува Министерството за економија во име на концедентот писмено да го извести концесионерот ПЦЦ Нев хидро ДООЕЛ Скопје дека се одобрува продолжување на рокот за започнување со комерцијална работа како што е наведено во точка 1 од овие заклучоци, за што ќе треба да се потпише Анекс на Договорот за концесија за вода за изградба на мали

хидроелктрични централи за производство на електрична енергија за локацијата бр.123 Крива Река.

3. Се задолжува Министерството за економија да побара од концесионерот ПЦЦ Нев хидро ДООЕЛ Скопје да достави Анекс на Гаранцијата за изведба со кој важноста на Гаранцијата за изведба за локацијата бр.123 Крива Река ќе се продолжи најмалку до 30.6.2023 година.

4. Го одобри продолжувањето на рокот за започнување со комерцијална работа за локацијата бр.408 Коселска Река на концесионерот ХЕЦ 408 ДОО Кичево до 28.3.2023 година.

5. Се задолжува Министерството за економија во име на концедентот писмено да го извести концесионерот ХЕЦ 408 ДОО Кичево дека се одобрува продолжување на рокот за започнување со комерцијална работа како што е наведено во точка 4 од овие заклучоци, за што ќе треба да се потпише Анекс на Договорот за концесија за вода за изградба на мали хидроелктрични централи за производство на електрична енергија за локацијата бр.408 Коселска Река.

6. Се задолжува Министерството за економија да побара од концесионерот ХЕЦ 408 ДОО Кичево да достави Анекс на Гаранцијата за изведба со кој важноста на Гаранцијата за изведба за локацијата бр.408 Коселска Река ќе се продолжи најмалку до 28.4.2023 година.

7. Истовремено, Владата заклучи Комисијата за вршење на постојан и редовен надзор над начинот на вршење на концесиската дејност поажурно/побрзо да постапува во однос на доставените барања за продолжување на роковите утврдени во договорите за концесија, имајќи го предвид и периодот потребен за разгледување на материјалите во редовна владина постапка, а со цел запазување на законските рокови.

**Точка 18**

Владата ја донесе Одлуката за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина-кварц на локалитетот „Остреж", Општина Штип.

**Точка 19**

Владата на предлог на предллагачот го одложи разгледувањето на Информацијата за статус на локализација на спортските прекугранични канали со осврт на работата и предлозите на Комисијата за следење на имплементацијата на препораките на Владата на Република Северна Македонија за јазично покривање на официјален јазик на радиодифузерите кои реемитуваат спортски програмски содржини на територијата на Република Северна Македонија.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 20**

Владата ја разгледа Информацијата за отпочнување со активности поврзани со усогласување со Регулативата на Европската Унија за воспоставување на скрининг механизам на странски инвестиции и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат Секретаријатот за европски прашања, Министерството за економија, Министерството за финансии, Министерството за одбрана, Министерството за надворешни работи, Народната банка на Република Северна Македонија, како и Управата за финансиско разузнавање и Управата за финансиска полиција во рок од седум дена да доставаат номинации

до Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација на економски ресори и инвестиции, за член и заменик-член кои ќе бидат дел од работната група за воспоставување на овој механизам.

2. Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација на економски ресори и инвестиции во рок од два дена од доставување на номинациите да формира работна група, која ќе работи на развивање на скрининг механизам за странски инвестиции.

**Точка 21**

Владата ја разгледа Информацијата за констатирани проблеми во однос на навремено проследување на информации од страна на органите на државната управа и други субјекти кои се јавуваат како организатори на настани, кои се однесуваат на извршувањето на работните задачи за обезбедување, согласно Уредбата за личностите и објектите што се обезбедуваат, видовите на мерки и активности и степените за обезбедување од страна на Министерството за внатрешни работи и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат органите на државната управа, а им се укажува на останатите институции, кои немаат статус на орган на државната управа, кои се организатори на настани, во рок од седум дена пред одржување на настанот да доставуваат протоколи и известувања за навремено организирање, односно извршување на работните задачи за обезбедување на високите претставници на државата власт на Република Северна Македонија, странски државници, странски делегации, највисоки претставници на меѓународни организации, како и манифестации од интерес на Република Северна Македонија од страна на Министерството за внатрешни работи.

2. Се задолжуваат органите на државната управа да назначат одговорно лице и негов заменик за координација со Министерството за внатрешни работи, а во врска со подготовките за обезбедување, согласно Уредбата за личностите и објектите што се обезбедуваат, видовите на мерки и активности и степените за обезбедување и за истото да го известат Министерството за внатрешни работи во рок од седум дена, а доколку настане промена на назначените одговорни лица и нивни заменици, во рок од два дена од настанатата промена да ги ажурираат податоците за истите.

3. Се задолжува Министерството за надворешни работи, при одржување на настани (самити, конференции и слично) на кои се очекува присуство на поголем број на странски делегации, во рок од седум дена пред одржувањето на настанот, да назначат офицери за врска до Министерството за внатрешни работи заради непречена и брза комуникација со Министерството за надворешни работи, а во врска со подготовките за обезбедување, согласно Уредбата за личностите и објектите што се обезбедуваат, видовите на мерки и активности и степени на обезбедување.

**Точка 22**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со потребата Законот за следење на комуникациите и Законот за Агенција за национална безбедност од надлежност на Министерството за внатрешни работи да преминат во надлежност на Министерството за правда, ја усвои и имајќи го предвид член 17 став 1 алинеја 12 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 50/00, 44/02, 82/08, 167/10, и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и

110/19), заклучи Министерството за правда да биде ресорно министерство за Законот за следење на комуникациите и Законот за Агенција за национална безбедност и носител на сите активности при евентуално изменување на истите, односно донесување на нови.

**Точка 23**

Владата ја разгледа Информацијата за учеството на Република Северна Македонија во Заедничката надворешна и безбедносна политика на Европската Унија во периодот 1 јули -31 декември 2022 година, ја усвои Информацијата и го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да ги објави прегледите на декларации, изјави, одлуки на Советот на Европската Унија и други правни акти на Европската Унија од Брисел, Њујорк, Женева, Виена и Стразбур (прилог 1,2,3,4,5), кон кои Република Северна Македонија, на покана на Европската Унија или унилатерално, се има придружено, во „Службен весник на Република Северна Македонија“ во делот „Декларации, заеднички позиции и демарши на Европската Унија кон кои Република Северна Македонија на покана од Европската Унија се придружила/прифатила“.

**Точка 24**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на времено користење на недвижна ствар на Јавната установа Завод за рехабилитација на деца и младинци-Скопје.

**Точка 25**

Владата ја разгледа Информацијата за постапување по обраќањата и препораките на Народниот правобранител на Република Северна Македонија упатени до Владата на Република Северна Македонија, органите на државната управа и други органи и организации што имаат јавни овластувања, во периодот октомври-декември 2022 година и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за внатрешни работи, Министерството за правда, Министерството за финансии, Министерството за економија, Државниот пазарен инспекторат, Министерството за здравство, Министерството за образование и наука, Министерството за труд и социјална политика, Државниот инспекторат за труд, Министерството за култура и Министерството за информатичко општество и администрација, а се укажува на Агенцијата за национална безбедност, Агенцијата за квалитет во високото образование, Националниот совет за високо образование и научна дејност, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Република Северна Македонија, Јавното радиодифузно претпријатие, Националната радиотелевизија МРТ Скопје и Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта во рок од пет дена да постапат по барањата, укажувањата и препораките упатени до нив од Народниот правобранител на Република Северна Македонија во текот на октомври, ноември и декември 2022 година, по кои сè уште не постапиле и за тоа во рок од пет дена да ги известат Народниот правобранител на Република Северна Македонија и Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија.

2. Се задолжуваат сите органи на државната управа и им се укажува на институциите кои немаат статус на органи на државната управа, да доставуваат суштински одговори до Народниот правобранител на Република Северна Македонија, кога ќе биде целосно завршено постапувањето по барањата и препораките на Народниот правобранител на Република Северна Македонија.

**Точка 26**

Владата ја донесе Програмата „Здравје за сите“ за 2023 година.

**Точка 27**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Граѓанско право“ на Правен факултет, при Државниот универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Граѓанско право“, на Правен факултет, при Државниот универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

**Точка 28**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС) по „Економски науки“ на Економски факултет при Државниот универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС) по „Економски науки“ на Економски факултет при Државниот универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

**Точка 29**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кривогаштани (мебел за потребите на ООУ „Манчу Матак“, с.Кривогаштани, Кривогаштани).

**Точка 30**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кратово (за потребите на ООУ „Кочо Рацин“, Кратово).

**Точка 31**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Конче (за потребите на ООУ „Гоце Делчев“, Конче).

**Точка 32**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Крива Паланка (за потребите на ООУ „Илинден“, Крива Паланка).

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Крива Паланка (за потребите на ООУ „Јоаким Крчовски“, Крива Паланка).

**Точка 33**

Владата заклучи:

1.Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кисела Вода (за потребите на ООУ „Кузман Јосифовски-Питу“, Кисела Вода, Скопје).

2.Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кисела Вода (за потребите на ООУ „Невена Георгиева-Дуња“, Кисела Вода-Скопје).

3.Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кисела Вода (за потребите на ООУ „Партенија Зографски“, Кисела Вода-Скопје).

4.Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кисела Вода (за потребите на ООУ „Рајко Жинзифов“-Кисела Вода).

5.Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кисела Вода (за потребите на ООУ „Кирил Пејчиновиќ“-Скопје).

6.Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кисела Вода (за потребите на ООУ „Св.Климент Охридски“, с. Драчево, Скопје).

7.Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кисела Вода (за потребите на ООУ „Круме Кепески“, Општина Кисела Вода, Скопје).

8. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кисела Вода (за потребите на ООУ „Кузман Шапкарев“, Општина Кисела Вода, Скопје).

**Точка 34**

Владата ги донесе:

1.Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кавадарци (за потребите на ООУ „Гоце Делчев“, Кавадарци).

2.Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кавадарци (за потребите на ООУ „Димката Ангелов -Габерот“, Кавадарци).

3.Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кавадарци (за потребите на ООУ „Димката Ангелов-Габерот“, с.Ваташа, Кавадарци).

4.Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кавадарци (за потребите на ООУ „Тошо Велков-Пепето“, Кавадарци).

5.Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кавадарци (за потребите на ООУ „Тоде Хаџи-Тефов“, Кавадарци).

**Точка 35**

Владата ги донесе:

1.Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кочани (за потребите на ООУ „Раде Кратовче“, Кочани);

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кочани (ООУ „Никола Карев“, Кочани);

3. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кочани (ООУ „Малина Попиванова“, Кочани);

4.Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кочани (ООУ „Св.Кирил и Методиј“, Кочани) и

5.Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кочани (ООУ „Крсте Петков Мисирков“ п.о., с.Оризари, Кочани)

**Точка 36**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Охрид (за потребите на ООУ „Наум Охридски“, с.Пештани, Охрид).

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Охрид (за потребите на ООУ „Христо Узунов“, Охрид).

3. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Охрид (за потребите на ООУ „Ванчо Николески“, с.Лескоец, Охрид).

4. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Охрид (за потребите на ООУ „Живко Чинго“, с.Велгошти, Охрид).

5. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Охрид (за потребите на ООУ „Св. Климент Охридски“, Охрид).

6. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Охрид (за потребите на ООУ „Кочо Рацин“, Охрид).

7. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Охрид (за потребите на ООУ „Братство Единство“, Охрид).

**Точка 37**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Прилеп (за потребите на ООУ „Рампо Левката“, Прилеп).

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Прилеп (за потребите на ООУ „Страшо Пинџур“, с.Мало Коњари, Прилеп).

3. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Прилеп (за потребите на ООУ „Климент Охридски“, Прилеп).

4. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Прилеп (за потребите на ООУ „Кочо Рацин“, Прилеп).

5. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Прилеп (за потребите на ООУ „Круме Волнароски“, с.Тополчани, Прилеп).

6. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Прилеп (за потребите на ООУ „Гоце Делчев“, Прилеп).

7. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Прилеп (за потребите на ООУ „Добре Јованоски“, Прилеп).

8. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Прилеп (за потребите на ООУ „Кире Гаврилоски-Јане“, Прилеп).

9. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Прилеп (за потребите на ООУ „Кирил и Методиј“, с.Канатларци-Прилеп).

10. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Прилеп (за потребите на ООУ „Блаже Конески“, Прилеп).

**Точка 38**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Здравствен дом Неготино-Неготино.

**Точка 39**

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 98 став (5) алинеја 3 од Закон за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), поднесено од градоначалникот на Општина Битола, Тони Коњановски и притоа го утврди следново мислење:

Законот за административни службеници преставува правна рамка со која се уредува статусот, класификацијата, вработувањето, унапредувањето, стручното усовршување и оспособување, мерењето на ефектот и други прашања во врска со работниот однос на административните службеници, како посебна категорија на вработени во институциите од јавниот сектор кои вршат административна работа.

Со Главата XV Престанок на работниот однос на административните службеници се уредува престанокот на работниот однос, условите за престанок на работниот однос и други прашања кои се однесуваат на престанокот на работниот однос. Со членот 98 со поднаслов: „Видови на престанок на работен однос“ во став (1) е утврдено дека на административниот службеник му престанува работниот однос: со спогодба, по негово барање, по сила на закон и во други случаи утврдени со овој и друг закон и колективен договор. Во ставот (5) таксативно се набројани случаите кога престанува работниот однос на административниот службеник по сила на закон. Меѓу другите основи за престанок на работен однос по сила на закон, со алинеја 3 е предвиден основот-правосилна пресуда за кривично дело во врска со службената должност, со точно прецизирање-со денот на правосилноста на пресудата. Така, од цитираниот член и алинеја јасно и недвосмислено произлегува дека со денот на правосилноста на пресудата со која

административниот службеник е осуден за кривично дело во врска со службената должност, му престанува работниот однос на административниот службеник.

Имено, законодавецот јасно го утврдил причинско-последичниот однос на забраната на службеникот да продолжи да биде во работен однос со постоењето на правосилна судска пресуда со која е утврдено дека сторил кривично дело со кое ја злоупотребил својата положба при вршењето на службената должност, без да се навлегува кога е сторено односно дали кривичното дело е сторено пред стекнувањето со статус на административен службеник.

Наводите изнесени во Барањето за давање на автентично толкување на членот 98 став (5) алинеја 3 од Законот за административни службеници, за различни и спротивставени ставови околу примената на оваа одредба, се неосновани. Законската одредба прецизно утврдува дека престанокот на работниот однос на административниот службеник е последица од постоење на правосилна пресуда на судот со која лицето кое е во работен однос како административен службеник е осудено за кривично дело со кое ја злоупотребил својата положба при вршењето на службената должност. Имено, времето на извршување на кривичното дело и соодносот со статусот не е предмет на уредност на овој закон и никако не влијае на правните последици на правосилноста на пресудата, имајќи ги во предвид кривичното дело и правосилноста на пресудата како правни институти.

Врз основа на претходно изнесеното, а со оглед дека членот 98 од Законот за административни службеници е јасен и прецизен, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да не даде автентично толкување на член 98 став (5) алинеја 3 од Закон за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), поднесено од градоначалникот на Општина Битола, Тони Коњановски.

**<u>Точка 40</u>**

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 40 став 2 од Законот за процена („Службен весник на Република Македонија“ бр.115/10, 158/11, 185/11, 64/12 188/14, 104/15, 153/15, 192/15 и 30/16), поднесено од пратеникот Боби Мојсоски и притоа го утврди следното мислење:

Барањето за давање на автентично толкување се однесува на член 40 став 2 од Законот за процена, кој гласи: (2) Барање за ревизија на процена може да поднесе нарачателот на процената и сопственикот на предметот на процена, а во посебна постапка за утврдување на данок на промет и надлежната единица на локална самоуправа.

Подносителот на Барањето за автентично толкување наведува дека различната интерпретација на одредбата дополнително се усложнувала од фактот дека голем дел од барањата за изготвување на процена на вредноста на определен имот се поднесувале во постапки за извршување.

Имено, во Законот за извршување се предвидува дека процената на подвижни ствари се врши од страна на овластен проценител обезбеден од страна на извршителот, а во делот на продажбата на недвижности Законот за извршување предвидува дека намирувањето на другите доверители се врши и врз основа на веќе извршена процена во првичната постапка.

Сето ова го наметнувало прашањето кој требало да се смета за нарачател на процена.

Владата смета дека правното Мислење подготвено од Комората на извршители во 2021 година ја отстранува дилемата, наведувајќи дека извршителот како лице кое врши јавни овластувања и кое треба да биде непристрасно во постапката нема право да истакнува приговори или на било кој друг начин да ја оспорува вредноста на недвижноста утврдена во процената на овластен проценител, односно истиот согласно одредбите од Законот за процена неможе да биде подносител на барање за ревизија на процена, односно тоа се сопственикот на предметот на процена и нарачателот на предметот на процена, а во посебна постапка за утврдување на данок на промет и надлежната единица на локална самоуправа.

Согласно горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека одредбата од член 40 став 2 од Законот за процена („Службен весник на Република Македонија" бр.115/10, 158/11, 185/11, 64/12 188/14, 104/15, 153/15, 192/15 и 30/16) е јасна и прецизна и му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да не даде автентично толкување на овој член од Законот.

**<u>Точка 41</u>**

Владата ја разгледа Иницијативата од Владо Мицковски од Кичево, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.33/2023 за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 46 став (5) од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија" бр.76/16, 142/16, 233/18 и 14/20) и член 4 став (3) од Тарифата за награда и надоместок на другите трошоци за работењето на извршителите („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.32/19) и притоа го утврди следното мислење:

Предлагачот на уставната иницијатива, наведува дека одредбите од член 46 став (5) од Законот за извршување и член 4 став (3) од Тарифата за награда и надоместок на другите трошоци за работењето на извршителите, биле во спротивност со член 8 став 1 алинеа 3 и алинеја 7, член 30 став 3, член 32 став 3, член 55 став 1 и став 3 од Уставот на Република Северна Македонија и член 1 од Протокол 1 кон Конвенцијата за заштита на човековите права и основните слободи.

Со оспорените членови со уредувањето на „бесплатно вршење на дејствија" од страна на извршителите, при извршување врз должници кои се приматели на социјална помош, во секој случај и со уредувањето на бесплатна изработка на одредени заклучоци, извршителите биле ограничени со ползување на сопственоста и од остварување егзистенција и правото на заработувачка.

Подносителот наведува дека со оглед на тоа дека државата или нејзините органи не предвидуваат партиципација во дејствијата кои извршителот ги презема без надоместок или се однесуваат за предмети каде должник е примател на социјална помош, истите биле во обврска да уредат нивна партиципација во цената на дејствијата на извршителот за кој определиле дека ќе се вршат без надоместок.

Подносителот наведува дека извршителите немале уставна или законска обврска да партиципираат во социјална заштита на лица кои се довеле во таква состојба, а надлежноста за социјална заштита ги презема државен орган од областа на социјалната заштита.

Подносителот наведува дека корисник на социјална помош во одреден момент во текот на извршувањето можел да поседува имот за кој извршувањето можело да се спроведе со други средства за извршување уредени со член 24 од Законот за извршување. Вака како било уредено со оспорената одредба дури должникот носител на социјална помош и да имал друг имот освен она што било изземено од извршување според член 116 став 1 точка 3 од Законот за

извршување, извршителот требал извршните дејствија да ги презема бесплатно и без награда дури да му ги плаќал на должникот реалните трошоци за извршување кои не биле мали.

Подносителот наведува дека со оспорената одредба во делот на Тарифата, од страна на министерот за правда се определувало бесплатно вршење на дејствија кои барале вложување на труд кој воопшто не се вреднувал и со што незаконито се ограничувало правото на остварување на добивка при вршење на служба која била регистрирана како дејност на физичко лице кои се занимаваат со слободни занимања и работат слободно согласно пазарните вредности.

Ова ограничување на сопственоста и правото на заработка не можело да се воведе бидејќи со ниту еден позитивен законски пропис не било уредено дека се работело за јавен интерес или друг начин и услови за ограничување на сопственоста и правото на заработка или се ограничи слобода на пазарот и претприемништвото. Со оглед дека утврдувањето одредени дејствија кои извршителот како сопственик требал да ги преземе без надоместок, а при тоа требало да вложи труд, било своевидно ограничување на сопственоста, а од друга страна државата немала утврдено дека дејствијата при преземање на извршување се од јавен интерес и кои се тие дејствија каде се ограничувала сопственоста.

Наводите на подносителот на Иницијативата се неосновани од следните причини:

Во член 1 од Уставот, Република Северна Македонија се дефинира како суверена, самостојна, демократска и социјална држава.

Во член 8 алинеја 8 од Уставот, како темелна вредност на уставниот поредок на Република Северна Македонија се поставени хуманизмот, социјалната правда и солидарноста.

Според член 34 од Уставот, граѓаните имаат право на социјална сигурност и социјално осигурување утврдени со закон и со колективен договор, а според член 35 од Уставот, Републиката се грижи за социјалната заштита и социјалната сигурност на граѓаните согласно со начелото на социјална праведност.

Од горенаведеното, државата согласно одредбите од Уставот на Република Северна Македонија со кои се уредува уставниот поредок во државата, е должна да обезбеди соодветна социјална заштита, социјална сигурност и правда за физичките лица кои според податоците од надлежната институција се евидентирани како примatели на социјална парична помош.

Според член 32 став (1) од Законот за извршување, извршителот како лице кое врши јавни овластувања утврдени со закон именувано од Министерството за правда, согласно член 32 став (1) од Законот за извршување, е дел од државниот систем на кого државата му има пренесено јавни овластувања.

Од горенаведеното, државата која се дефинира како социјална држава има право и обврска да се грижи и да ги заштитува социјалните права и интереси на граѓаните и да обезбеди социјална правда на оваа категорија на граѓани кои се примatели на право на парична помош од социјална заштита.

Од тие причини е и уредена одредбата од член 46 став (5) од Законот за извршување, според која извршителот ќе го ослободи од плаќање на надоместоците определени во став (1) на овој член, и награда за реализација должникот-физичко лице кое според податоците од надлежната

институција е евидентирано како приматели на социјална парична помош, односно гарантирана минимална помош.

Воедно, неосновани се наводите на подносителот дека извршителот може да спроведе извршување со друго средство за извршување според член 24 од Законот за извршување против лице кое е примател на право на парична помош од социјална заштита, од причина што доколку одредено лице се стекнало со статус на приматели на право на парична помош од социјална заштита, истиот нема имот или имотни права од коишто може да се издржува, поради што и не може да се спроведе извршување со друго средство за извршување.

Во однос на спроведување на оспорената одредба од член 4 став (3) од Тарифата за награда и надоместок на другите трошоци за работењето на извршителите, според која извршителот не го тарифира донесувањето на заклучоците од став 2 на овој член, заклучоците за одложување на извршните дејствија, ниту заклучокот (поправање на грешка во акти на извршителот), согласно Правилникот за формата на налозите, заклучоците, записниците, барањата, службените белешки, потврдите и другите акти кои ги изготвува извршителот при преземањето на извршните дејствија („Службен весник на Република Македонија“ број 226/16), извршителот не ги презема сите наведени дејствија во оваа одредба, туку донесува само еден заклучок во зависност од потребата за донесување на истиот при спроведувањето на извршувањето, кој според Тарифата изнесува 15 евра во денарска противвредност, а причина за донесување на истиот не е должникот против кој се спроведува извршувањето, поради што извршителот не може да го наплаќа ова извршно дејствие од должникот. Притоа извршителите имаат овозможено бесплатен пристап до податоците за приматели на права на парична помош од социјална заштита, право на социјална сигурност на стари лица, средства од хуманитарна помош или надоместок на штета предизвикана од елементарни непогоди, кои средства се целосно изземени од присилно извршување согласно член 116 од Законот за извршување, токму заради лимитирање на можноста извршителите да генерираат било какви трошоци во предмети против должниците за кои законот предвидел целосна неможност за извршување.

Имајќи го предвид сето понапред наведено, Владата на Република Северна Македонија смета дека оспорените одредби од член 46 став (5) од Законот за извршување („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.72/16, 142/16, 233/18 и 14/20) и член 4 став (3) од Тарифата за награда и надоместок на другите трошоци за работењето на извршителите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/19), се одредби од јавен интерес донесени во согласност со член 8 став 1 алинеја 3 и алинеја 7, член 30 став 3, член 32 став 3, член 55 став 1 и став 3 од Уставот на Република Северна Македонија и член 1 од Протокол 1 кон Конвенцијата за заштита на човековите права и основните слободи, поради што му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати поднесената Иницијативата, односно да донесе решение за неповедување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на овие одредби од Законот за извршување и Тарифата за награда и надоместок на другите трошоци за работењето на извршителите.

**<u>Точка 42</u>**

Владата ја разгледа Иницијативата од адвокат Мефаиљ Арслани од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.27/2023 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 112 од Законот за Академија за судии и јавни обвинители („Службен весник на Република Македонија“ бр.20/15, 192/15, 231/15 и 163/18) и притоа го утврди следново мислење:

Во Иницијативата се наведува дека оспорениот член бил во спротивност со членот 32 од Уставот на Република Северна Македонија со кој се гарантира право на работа, слободен избор на вработување, односно достапност до секое работно место.

Исто така во Иницијативата се наведува дека оспорениот член бил во спротивност со Амандманот XXIX од Уставот со кој се пропишува надлежноста на Судскиот совет на Република Северна Македонија за избор и разрешување на судии особено во делот кој се однесува на соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници.

Оспорената одредба од членот 112 од Законот за Академијата за судии и јавни обвинители гласи: Академијата на кандидатите за судии или јавни обвинители им издава уверение за завршена почетна обука кое содржи оцена за секоја фаза од обуката и завршната оцена. Во став 2 се наведува дека уверението од ставот 1 на овој член се издава според образец кој се утврдува со акт на Управниот одбор.

Со членот 32 од Уставот се наведува дека:
Секој има право на работа, слободен избор на вработување, заштита при работењето и материјална обезбеденост за време на привремена невработеност.

Секому под еднакви услови, му е достапно секое работно место.
Секој вработен има право на соодветна заработувачка.
Секој вработен има право на платен дневен, неделен и годишен одмор.
Од овие права вработените не можат да се откажат.
Остварувањето на правата на вработените и нивната положба се уредува со закон и колективен договор.

Имајќи го предвид последниот став на членот 32 од Уставот, законодавецот токму со Законот за Академијата за судии и јавни обвинители го уредил начинот на стекнување на статус кандидат за судија или јавен обвинител. Имено, со членот 96 од истоимениот закон законодавецот предвидел по завршување на првата фаза-теоретска настава во Академијата да се формира ранг-листа на слушателите според нивниот постигнат успех што им дава право слободно да се произнесат за тоа дали ќе продолжат со обука за судии или јавни обвинители, а сето тоа во согласност со претходно утврдениот број за судии и јавни обвинители определен од страна на Судскиот совет и Советот на јавни обвинители.

Станува збор за однапред проектиран број на судиски и јавно обвинителски места кои ќе бидат испразнети во периодот на обуката. На овој начин, всушност, и се гарантира на кандидатите кои ќе ја завршат обуката и ќе го положат завршниот испит дека за одреден период ќе бидат избрани за судии или јавни обвинители.

Според изнесеното оспорената одредба е целосно во согласност со членот 32 од Уставот односно истата обезбедува секој кој ги исполнува законските услови да може да конкурира за судија или јавен обвинител, за времето на обуката слушателите склучуваат договор за вработување со Академијата и остваруваат соодветна заработувачка, имаат право на дневен, неделен и годишен одмор кои права се разработени во одредбите од Законот за Академијата за судии и јавни обвинители.

Што се однесува до наводот дека оспорената одредба била во спротивност со Амандманот XXIX од Уставот според кој „Судскиот совет при изборот на судиите, судиите поротници и претседатели на судови ќе се запази соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници, се укажува на членот 44 од Законот за судии („ Службен весник на

Република Македонија" бр. 58/06, 62/06, 35/08, 150/10, 83/18, 198/18 и 96/19) во кој е наведено дека :

(1) Судскиот совет на Република Северна Македонија е надлежен за утврдување на оптималниот број на судии и судии поротници по судовите во Република Северна Македонија.
(2) Оптималниот број на судии и судии поротници по судовите во Република Северна Македонија се определува со одлуки на Судскиот совет по прибавено мислење од општата седница на Врховниот суд на Република Северна Македонија и мислење од седницата на судии на соодветниот суд, врз основа анализа и проекција за слободни судиски места и применувајќи го начелото на соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија, согласно со Годишната програма за работа на Судскиот совет на Република Северна Македонија.
(3) Одлуките од ставот (2) на овој член се објавуваат во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Начелото на правична и соодветна застапеност првично се остварува со утврдување на број на припадници од заедниците кои ке бидат примени како слушатели во Академијата.

Понатаму законодавецот начелото на соодветна и правична застапеност го имал предвид и при изборот на судија и претседател на основен и апелационен суд кој се наоѓа на подрачјето на единица на локална самоуправа каде што 20% од граѓаните зборуваат службен јазик различен од македонскиот да се избира со мнозинство гласови при што мора да има мнозинство гласови од присутните членови кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во државата. Истиот начин на избор се предвидува и при избор на претседател и судија на Управниот суд, Вишиот управен суд и Врховниот суд.

Во однос на укажувањето дека не постои можноста јавен обвинител да биде избран за судија, се укажува на посебните услови за избор на судија член 46 од Законот за судовите со кој се предвидува кој и со каков судиски стаж може да биде избран за судија, односно Законот за Академијата за судии и јавни обвинители го следи законското решение предвидено со Законот за судови кое дозволува влез во судството само од Академијата и систем на кариерно напредување во рамките на судството. Се напоменува дека законите од областа на судството, Законот за судови, Законот за судски совет и Законот за Академијата за судии и јавни обвинители беа донесени од страна на Собранието на Република Северна Македонија во пакет, сите беа оценети од страна на Европската комисија со позитивна оценка и на објаснувачкиот скрининг беше наведено дека истите се сметаат за исполнета обврска за претстојните преговори.

Имајќи го предвид претходно наведеното, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на членот 112 од Законот за Академијата на судии и јавни обвинители („Службен весник на Република Македонија" бр.20/15, 192/15, 231/15 и 163/18).

**<u>Точка 43</u>**

Владата ја разгледа Иницијативата од Славко Лазовски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.24/2023 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 18 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр. 98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16,

132/16, 35/18, 220/18 и 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 180/19, 275/19, 31/20, 267/20 и 67/22) и притоа го утврди следново мислење:

Подносителот на Иницијативата наведува дека поведува постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 18 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување од причина што наведената законска одредба не обезбедува социјална правда, економска благосостојба и напредок на поединецот како една од основните цели на Уставот на Република Северна Македонија. Именуваниот наведува дека одредбата на член 18 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување е во спротивност на член 8, член 9, член 51 став (1) и став (2), член 34, член 35 и член 54 став (2) од Уставот на Република Северна Македонија.

Во Република Северна Македонија остварувањето на правата од пензиското и инвалидското осигурување како област е уредено со Законот за пензиското и инвалидското осигурување.

Согласно член 18 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, осигуреникот стекнува право на старосна пензија кога ќе наполни 64 години живот (маж), односно 62 години живот (жена) и најмалку 15 години пензиски стаж.

Во Иницијативата подносителот го оспорува условот за остварување на старосна пензија од „најмалку 15 години пензиски стаж".
Согласно член 4 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, правата од пензиското и инвалидското осигурување се стекнуваат и остваруваат во зависност од начинот, должината и обемот на вложувањето на средствата за пензиско и инвалидско осигурување под услови утврдени со овој закон.

Според основните одредби на Уставот на Република Северна Македонија, покрај другото, Република Северна Македонија е и социјална држава, а како темелни вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија се утврдени хуманизмот, социјалната правда и солидарноста.

Во согласност со член 9 од Уставот на Република Северна Македонија, член 18 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување се применува подеднакво за сите граѓани на Република Северна Македонија, односно сите граѓани се еднакви пред Уставот и законите.

Според член 35 од Уставот на Република Северна Македонија, Република Северна Македонија се грижи за социјалната заштита и социјалната сигурност на граѓаните согласно со начелото на социјална праведност. Републиката им гарантира право на помош на немоќните и на неспособните за работа граѓани.

Во член 5 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, а во согласност со наведената одредба од членот 35 од Уставот на Република Северна Македонија, покрај правото на старосна пензија се утврдуваат и други права, како право на инвалидска, односно семејна пензија во случај на настаната инвалидност и неспособност за работа или врз основа на неспособност за самостоен живот и работа, за кои права не е потребен законски утврдениот услов од член 18 на наведениот закон од „најмалку 15 години пензиски стаж".

Законот за пензиското и инвалидското осигурување, како и членот 18 од истиот закон е во согласност со член 51 од Уставот на Република Северна Македонија според кој законите мора да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон и секој е должен да ги почитува Уставот и законите.

Со член 54 став 2 од Уставот на Република Северна Македонија е уредено дека слободите и правата на човекот и граѓанинот можат да бидат ограничени за време на воена или вонредна состојба според одредбите на Уставот.

Оспорената одредба на член 18 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, не ги ограничува правата и слободите на граѓаните, туку ги предвидува и утврдува кумулативно законските услови за остварување на правото на старосна пензија, на кои се засновуваат сите системи на задолжително пензиско и инвалидско осигурување, посебно системите со принцип на генерациска солидарност.

Согласно наведените уставни и законски одредби произлегува дека законодавецот има уставен основ да го определува нивото на социјалната сигурност на граѓаните, па определувањето на условите за остварување на правата од пензиското и инвалидското осигурување е во рамките на неговите уставни овластувања во оваа сфера.

Имајќи го предвид претходно наведеното, оспорената одредба од член 18 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување во делот „најмалку 15 години пензиски стаж" („Службен весник на Република Македонија" бр. 98/12, 166/12, 15/13, 53/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16, 132/16, 27/18, 35/18, 220/18 и 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 180/19, 275/19, 31/20, 267/20 и 67/22) е во согласност со член 8 став 1 точка 8, член 9, член 34, член 35, член 51 и член 54 став 2 од Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 18 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување во делот „најмалку 15 години пензиски стаж" („Службен весник на Република Македонија"бр. 98/12, 166/12, 15/13, 53/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16, 132/16, 27/18, 35/18, 220/18 и 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 180/19, 275/19, 31/20, 267/20 и 67/22).

**Точка 44**

Владата го симна од Дневен ред Посебниот извештај за попречување на работата до непосредно повисокиот орган.

**Точка 45**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Мартин Божиновски од Куманово, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.77623, за КО Куманово, на КП број 6246/3, викано место/улица „ул.221" и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 46**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Јасмина Радончиќ од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 58143, за КО Кисела Вода 1, на КП бр. 1234, викано место/улица „Иван Козаров" и по Понудата, ги усвои негативното Мислење на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје и Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 47**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Снежана Сарџовска од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.53535 за КО Визбегово на КП бр.1311, викано место/улица „Долни Рид“ и по Понудата ги усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски и Мислењето на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 48**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Зафир Хаџи-Зафиров од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 6067 за КО Радишани на КП бр. 3174, викано место/улица „П.Јанчевски бб“ и по Понудата го усвои Известувањето од Министерството за транспорт и врски.

**Точка 49**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Даниел Живачки од Куманово за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.11204 за КО Љубодраг, на КП бр.438, викано место/улица „Старо Џаде“ и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје, Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје, Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија и Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија.

**Точка 50**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Цеца Малева-Стоев од Гевгелија, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.2174 за КО Негорци, на КП бр.3521, викано место/улица „Село“ и по Понудата го усвои Известувањето од Министерството за транспорт и врски.

**Точка 51**

Владата го одложи разгледувањето на Известувањето од извршител Гордана Џутеска од Охрид, доставено под И.бр.62/2021, за Налог за извршување врз недвижен имот запишан во Имотен лист бр.60582 и Имотен лист бр.60578, за КО Охрид 3, за наредната седница на Владата, поради потребата Министерството за култура-Управа за заштита на културното наследство да достави мислење по материјалот.

**Точка 52**

Владата го симна од Дневен ред Известувањето од извршител Снежана Андреевска од Скопје, за Заклучок за втора усна јавна продажба, која ќе се одржи на 3 мај 2023 година, под И.бр.792/22.

**Точка 53**

Владата го разгледа Заклучокот за усна јавна продажба (врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување) од извршител Андреја Буневски од Скопје, доставен под И.бр.3321/2020, врз основа на кои се нуди право на првенствено купување на

недвижен имот-земјиште кое се наоѓа на КП бр.829 дел 1 и КП бр.830, КО Крушопек, евидентирано во Имотен лист бр.368 и по истиот го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 54**

Владата го разгледа Известувањето од извршител Снежана Андреевска од Скопје, со Налог за извршување врз недвижен имот, со пропратни материјали, Заклучок за усна јавна продажба, која ќе се одржи на 3 мај 2023 година и Записник од 5 април 2023 година, за продажба на недвижен имот со усно јавно наддавање, доставени под И.бр. 159/22 и по Известувањето го усвои негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 55**

**1.** Владата го отповика Атанас Чурлинов од должноста член на Надзорниот одбор на Железници на Република Северна Македонија-Транспорт АД-Скопје.

1.1 Владата го избра Јордан Тасевски за член на Надзорниот одбор на Железници на Република Северна Македонија-Транспорт АД-Скопје.

**2.** Владата на Миљазим Мустафа член на Националниот совет за медијација, му утврди престанок на мандатот на негово лично барање.

**3.** Владата на Емил Димитровски, разрешен од должноста вршител на должноста директор на Управата за наменско производство, орган во состав на Министерството за економија, му утврди право да остварува плата по престанок на функцијата за време од 12 месеци сметано од 16 февруари 2023 година до 15 февруари 2024 година.

**4.** Владата на Дејан Богоески, разрешен од должноста вршител на должноста директор на Управата за сигурност во железничкиот систем, орган во состав на Министерството за транспорт и врски, му утврди право да остварува плата по престанок на функцијата за време од 12 месеци сметано од 15 февруари 2023 година до 15 февруари 2024 година.

**5.** Владата го разреши Осман Шукриу од должноста директор на Јавната установа Национален парк Пелистер-Битола.
5.1 Владата го именува Малиќ Шемшедини за вршител на должноста директор на Јавната установа Национален парк Пелистер-Битола.

**6.** Владата го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави јавен оглас во најмалку три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик за избор на директор на Државниот испитен центар.

**7.** Владата го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, согласно Законот за медијација („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 294/21), да објави јавен оглас за искажување на интерес за учество во Националниот совет за медијација, за избор на еден член на Националниот совет за медијација.

**8.** Владата го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да распише оглас во најмалку две јавни гласила од кои едно е на службен јазик различен од

македонскиот јазик кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Северна Македонија, за именување на државен правобранител во Државното правобранителство на Република Северна Македонија за подрачје Охрид.

**9.** Владата го одложи од разгледување Барањето на Амир Билали за да му се утврди право да остварува плата по престанок на функцијата вршител на должноста заменик на директорот на Агенцијата за млади и спорт.

**Точка 56**

**1.** Владата по Барањето податоци и информации, доставено од Државната комисија за спречување на корупцијата, под бр.12-1043/14 од 11 април 2023 година, а во врска со Договорот за изградба на автопат на Коридор 8: делница Тетово-Гостивар-Букојчани и Требениште-Струга-Ќафасан и автопат на Коридор 10Д: делница Прилеп-Битола, број 09-2234/1 од 8 март 2023 година, даде согласност на Барањето и притоа заклучи, Договорот за изградба на автопат на Коридор 8: делница Тетово-Гостивар-Букојчани и Требениште-Струга-Ќафасан и автопат на Коридор 10Д: делница Прилеп-Битола, број 09-2234/1 од 8 март 2023 година, со степен на класификација „ДОВЕРЛИВО“ да се достави до Државната комисија за спречување на корупцијата.

**2.** По повод укажувањето на д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, а во однос на потребата од изменување и дополнување на соодветните закони за изградба на инфраструктурниот Коридор 8 (Делница Тетово-Гостивар-Букојчани и проектот за автопатот Требениште-Струга-Ќафасан Коридор 10 д (Делница на автопат Прилеп-Битола), Владата ги задолжи Министерството за финансии, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за економија, Министерството за труд и социјална политика и Министерството за транспорт и врски, да подготват и во рок од три дена до Владата да достават соодветни предлог законски решенија за изменување и дополнување на Законот за експропријација, Законот за шумите, Законот за земјоделското земјиште, Законот за трговија, Законот за работните односи, Законот за градење, Законот за урбанистичко планирање и Законот за утврдување на јавен интерес и номинирање на стратешки партнер за имплементација на проектот за изградба на инфраструктурниот Коридор 8 (Делница Тетово-Гостивар-Букојчани и проектот за автопатот Требениште-Струга-Ќафасан Коридор 10 д (Делница на автопат Прилеп-Битола) во Република Северна Македонија.

**3.** Владата, по повод одбележувањето на 9 мај-Денот на победата над фашизмот и Денот на Европа, ги донесе следните заклучоци:

1)Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, да ја оформи владината делегација за положување свежо цвеќе на Партизанските гробишта-Бутел, со почеток во 9:00 часот и пред Споменикот на Ослободителите на Скопје, пред зградата на Владата на Република Северна Македонија, во 9:50 часот.

2) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди свежи цвеќиња (венци) за делегацијата.

3) Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, за одбележување на настанот, преку Одделението за протокол да испрати покани според

протоколот за организирање државни празници, како и да ги достави свежите цвеќиња до локацијата и да обезбеди протоколарно лице кое ќе ја проследи делегацијата на двете локации.

4) Се задолжува секторот за односи со јавност при Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, да организира тим од официјални фото и видео репортери и да подготви медиумски пакет за јавноста.

5)Се задолжува Генералштабот на Армијата на Република Северна Македонија, да обезбеди опрема за положување на цвеќе и гардисти, како и фанфарист, согласно спецификацијата на организациониот одбор.

6) Се задолжува Министерството за внатрешни работи, да ја обезбеди делегацијата и да преземе мерки за соодветно одбележување на настанот.

7) Се укажува на Градски гробишта Бутел АД Скопје, за одбележување на настанот, да ја расчистат локацијата околу партизанските гробишта и да ја подготват за положување на свежо цвеќе (венец).

**4.** Владата, по повод одбележувањето на 4 мај-Годишнината од смртта на Гоце Делчев, ги донесе следните заклучоци:

1) Владина делегација во состав:
- Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи;
- Каја Шукова, министер за животна средина и просторно планирање и
- д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за образование и наука
да присуствуваат на панихида на која ќе положат цвеќе на саркофагот во кој се сместени посмртните останки на македонскиот револуционер и борец за слобода Гоце Делчев, во црквата „Свети Спас“, во Скопје, на 4 мај 2023 година, во 9:15 часот.

2) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди свежи цвеќиња (венци) за делегацијата.

3) Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, за одбележување на настанот, преку Одделението за протокол, да испрати покани според протоколот за организирање државни празници, како и да ги достави свежите цвеќиња до локацијата и да обезбеди протоколарно лице кое ќе ја проследи делегацијата на локацијата.

4) Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, преку Секторот за односи со јавност, да организира тим од официјални фото и видео репортери и да подготви медиумски пакет за јавноста.

5) Се задолжува Генералштабот на Армијата на Република Северна Македонија, да обезбеди опрема за положување на цвеќе и гардисти, како и фанфарист, според спецификацијата на организацискиот одбор.

6) Се задолжува Министерството за внатрешни работи да ја обезбеди делегацијата и да преземе мерки за соодветно одбележување на настанот.

**5.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на подрачјето на Град Скопје, заради недостиг на

топлинска енергија, можноста за користење на алтернативно гориво и состојбите на пазарот на топлинска енергија, за период од 20 април 2023 година до 26 април 2023 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**6.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба во снабдувањето со електрична енергија на целата територија на Република Северна Македонија, заради недостиг на електрична енергија и состојбите на пазарите на електрична енергија за период од 20 април 2023 година до 26 април 2023 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**7.** Владата го разгледа и го прифати текстот на Меморандумот за разбирање меѓу Соединетите Американски Држави и Северна Македонија за создавање стратешко партнерство за борба против дезинформации.

**8.** Д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, ги информираше членовите на Владата, дека во иднина за дополнителните точки на Дневниот ред кои не ја поминале редовната владина постапка, а имаат фискални импликации нема да се произнесува по истите.

**9.** Владата во однос на материјалите кои се доставуваат за разгледување во владина постапка, заклучи да не се доставуваат до Владата материјали кои не се во нејзина надлежност, согласно позитивните законски прописи и Деловникот за работа на Владата на Република Северна Македонија.

**10.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 20 април 2023 година до 26 април 2023 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**11.** Владата ја разгледа Информацијата за тематски работни состаноци во рамки на иницијативата „Отворен Балкан“ во Северна Македонија на 4 и 5 мај 2023 година и ја усвои со следниве заклучоци:

1) Владата на Република Северна Македонија ќе биде домаќин и организатор на тематските работни состаноци во рамки на иницијативата „Отворен Балкан“.

2) Се задолжуваат Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија и Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, во консултација и координација со Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и со Националниот координатор за Отворен Балкан и за регионални иницијативи и Националниот координатор за регионална соработка и европски интеграции, да обезбедат хотелски капацитет во Скопје за сместување на делегациите и учесниците и за одржување на работните сесии, да ги обезбедат потребните локални транспортни услуги за

учесниците, да обезбедат ресторански услуги за работна вечера на 4 мај и ручек за 5 мај 2023 година.

**12.** Владата ја донесе Одлуката за измена на намената на одобрени средства од Буџетот на Република Северна Македонија.

**Точка 57**

Владата ја разгледа Информацијата за завршување на втората (2019-2022) и почеток на третата фаза (2023-2026) од Заедничката програма на Европската Унија и Совет на Европа-Хоризонтален инструмент за Западен Балкан и Турција, како материјал за информирање.

**Точка 58**

Владата ја разгледа Информацијата за тековниот статус на годишни активности на Агенцијата за квалитет и акредитација на здравствените установи, тековен статус на процесот на акредитација на здравствените установи во Република Северна Македонија за 2022 година, како материјал за информирање.

Истовремено Владата заклучи:

1. Се задолжуваат Министерството за здравство и Државниот санитарен и здравствен инспекторат, во соработка со Агенцијата за квалитет и акредитација на здравствените установи во рок од 30 дена да извршат инспекциски надзор во установите кои не покажуваат интерес и одбиваат да ги спроведат активностите и одговорностите кои што произлегуваат од процесот на акредитација и да преземат соодветни мерки за исполнување на законската обврска за спроведување на процесот на акредитација.

2.Се задолжува Министерството за здравство по завршување на извршениот инспекциски надзор да подготви и до Владата да достави информација во врска со резултатите од спроведениот инспекциски надзор, со список на установи кои се уште одбиваат да го спроведат процесот на акредитација и соодветни предлог-мерки за надминување на оваа состојба.

**Точка 59**

Владата го разгледа Годишниот извештај на Државниот управен инспекторат за спроведени инспекциски надзори над спроведување на одредбите од Законот за административни службеници, како и на прописите донесени врз основа на Законот во 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 60**

Владата ја разгледа Годишната сметка за 2022 година на Јавната установа Центар за образование на возрасните-Скопје, како материјал за информирање.

**Точка 61**

Владата ја разгледа Годишната програма за работа на Центарот за стручно образование и обука за 2023 година, со Финансиски план, како материјал за информирање.

**Точка 62**

Владата го разгледа Извештајот за начинот на искористување на средствата одобрени со Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година (бр.40-13703/4 од 30 декември 2021 година) на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменската сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ Скопје, со дополнување, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата ги одобри искористените средства, одобрени со Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година (бр.40-13703/4 од 30 декември 2021 година), како наменски потрошени, согласно дополнувањето на Извештајот доставен на 24 април 2023 година во кој истите се образложени и оправдани.

**Точка 63**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за земјоделското земјиште и го утврди со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да го усогласи текстот на Предлогот на закон со Министерство за финансии.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за земјоделското земјиште, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство и д-р Вјолца Бериша, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, а за повереници Реџаил Исмаили, државен секретар во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Драганчо Стојчев, државен советник во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 64**

Владата ја разгледа Информацијата за финансирање на Годишната програма за заштита на природата за 2023 година на Јавната установа Национален парк Шар Планина и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање обезбедените средства во износ од 9.000.000,00 денари, Раздел 12101-Министерство за животна средина и просторно планирање, Програма С, потпрограма С1-Унапредување на животната средина, категорија 48-Капитални расходи, ставка 489-Капитални субвенции за претпријатија и невладини организации, да ги уплати на сметка на Јавната установа Национален парк Шар Планина.

2. Се задолжува Јавната установа Национален парк Шар Планина до крајот на првото полугодие на 2024 година до Министерството за животна средина и просторно планирање да достави извештај за потрошените средства.

**Точка 65**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за платите на директорите во установите од областа на културата со Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на коефициенти и вредноста на коефициентот за пресметување на платите на директорите во националните установи од областа на културата, за наредната редовна седница на Владата, поради потребата од дополнителни усогласувања со Министерството за финансии.

**Точка 66**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за давање на овластување на министерот за здравство за потпишување на Анекс за изменување и дополнување на Колективниот договор за здравствената дејност на Република Македонија и на директорите односно вршителите на должноста директори на јавните здравствени установи за потпишување на анекси за изменување и дополнување на поединечните колективни договори, за наредната седница на Владата поради потребата од дополнителни усогласувања на Министерството за здравство со Министерството за финансии како и поради потребата Информацијата да се дополни со податоци кои се однесуваат на фискалните импликации кои произлегуваат од истата.

**Точка 67**

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на статус на стратешки инвестиционен проект (Друштво за трговија и услуги АИМ ГРЕЕН ТЕЦХ ДООЕЛ Скопје).

**Точка 68**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за преземените активности поврзани со Стратешкиот дијалог меѓу Република Северна Македонија и Соединетите Американски Држави, за наредната седница на Владата, поради потребата Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за здравство, Министерството за труд и социјална политика, Фондот за иновации и технолошки развој и Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони до петок (5.5.2023 година) до Министерството за надворешни работи да доставaт акциски планови за реализација на активности во рамки на Стратешкиот дијалог, а Министерството за надворешни работи да ја дополни/ажурира Информацијата.

**Точка 69**

Владата ја разгледа Информацијата со Програма за одбележување на 5 Мај-Денот на македонскиот јазик во 2023 година, ја усвои Инфомацијата и го задолжи Министерството за култура да ја реализира Програмата за одбележување на 5 Мај-Денот на македонскиот јазик во 2023 година.

**Точка 70**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за изменување на Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „DEFENDER EUROPE 23/IMMEDIATE RESPONSE 23“ во Сојузна Република Германија, Република Словенија, Република Хрватска и Република Албанија, и ја донесе Одлуката со заклучок предлагачот редакциски да го усогласи текстот на истата со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 71**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот државните награди, го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура и м-р Даим Лучи, заменик на министерот за култура, а за повереници Валмир Азири, државен секретар во Министерството за култура и Фросина Ѓоршоска, раководител на сектор во Министерството за култура.

**Точка 72**

Владата го разгледа Предлогот на закон за употреба на македонскиот јазик, го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура и м-р Даим Лучи, заменик на министерот за култура, а за повереници Валмир Азири, државен секретар во Министерството за култура и Фросина Ѓоршоска, раководител на сектор во Министерството за култура.

**Точка 73**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „SIRA EX“ во Сојузна Република Германија и ја донесе Одлуката, со заклучок текстот на истата редакциски да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 74**

Владата ја разгледа Информацијата за влошената финансиска состојба на Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост-Скопје и барање помош за излез од истата, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на Управниот одбор на Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост-Скопје.

*

* *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 15:00 часот.

**Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија**

**м-р Методија Димовски**

**Заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија**

**Фатмир Битиќи**